РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-781/4
18.02 2025 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 14 од Статутот на Општинската установа Дом на култура ,,Злетовски Рудар,, од Пробиштип бр. 01-270 од 23.12.2005 година и изменувањето и дополнувањето на статутот бр. 01-187/1 од 21.09.2015 и Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот бр.01-22/1 од 29.01.2018 година и Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот бр. 01-92/1 од 10.06.2021 година, Градоначалникот на општина Пробиштип распиша:

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**за избор на Директор на Општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар" од Пробиштип**

1.Се распишува јавен оглас за избор на Директор на Општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар", од Пробиштип со мандат од 4 години.

За директор на установата може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1. е државјанин на Република Северна Македонија;
2. во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3. има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование;
4. Има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;
5. Има еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
   - ТОЕФЕЛ ИБТ – најмалку 74 бода,
   - ИЕЛТС ( IELTS) – најмалку 6 бода,
   - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво,
   - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
   - БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода или
   - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

2. Кандидатите за избор на директор на установата треба да достават и своја Програма за работа и за развој на установата, во согласност со Законот за културата, како и следните документи :

- пријава со кратка биографија;

- доказ за стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование;
- доказ за минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;
- уверение за државјанство;
- потврда дека нема забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од шест месеци);
- лекарско уверение како доказ дека има општа здравствена способност од овластена здравствена институција;
- доказ за еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик, не постар од пет години:
  - ТОЕФЕЛ ИБТ – најмалку 74 бода,
  - ИЕЛТС ( IELTS) – најмалку 6 бода,
  - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво,
  - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
  - БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода или
  - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

3. Документите од точка 2 треба да бидат поднесени во оригинал или копија заверена на нотар и истите се доставуваат во Архивата на општина Пробиштип или по пошта на адреса: Општина Пробиштип ул.Јаким Стојковски бр.1 Пробиштип со назнака за јавен оглас за избор на директор на Општинска установа Дом на култура„, Злетовски Рудар" Пробиштип..

4. Јавниот оглас трае 5 (пет) работни дена од денот на неговото објавување а одлука за избор ќе се донесе во рок од 15 дена од завршувањето на јавниот оглас.

5. Некомплетните и ненавремени пријави нема да се земат во разгледување. Материјалите доставени на огласот не се враќаат.

Изготвил, Јованка Данева
Одобрил, Билјана Ефтимова

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК
Драган Анастасов